A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација** [redacted]

Ип1 .Бр.21-36
Кочани 17. 10. 2014 година

Државен управен инспекторат
Кочани

Тодор Арсов бр.бб
2300 Кочани

Република Македонија

Тел. 071 321 987

ДО
КЈП„Водна кула" Зрновци
З р н о в ц и

- За Директорот

ПРЕДМЕТ: Доставување на Записник и Решение

Согласно член 17 став 2 од Законот за управната инспекција („ Сл. весник на Р.М."бр.69/04,22/07, 115/07 и 51/2011), во прилог на писмото Државниот управен инспекторат Ви го доставува Записникот Ип1 бр.21-36 и Решението Ип1 бр.21-36 од 17.10.2014 година за извршен редовен инспекциски надзор во КЈП„Водна кула" Зрновци на 07.10.2014 година.

Со почит.

Управен инспектор
Спирко Стевановски

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Управниот инспектор во Државниот управен инспекторат, врз основа на член 17 од Законот за управната инспекција („Сл. весник на РМ."бр.69/04, 22/07, 115/07 и 51/2012), за отстранување на недостатоците утврдени со записник Ип1 бр.21-36 од 17.10.2014 година од извршен редовен инспекциски надзор на 07.10. 2014 година во КЈП.„Водна кула" Зрновци донесе :

РЕШЕНИЕ

1.Се задолжува Г-дин Васко Ѓорѓиев-директор на КЈП .„Водна кула"Зрновци, да преземе дејствија и мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр.21-36 од 17.10.2014 година, од извршениот редовен инспекциски надзор во КЈК „Водна кула" Зрновци на 07.10.2014 година и тоа:

1.1.Да се обезбеди Деловодник како основна евиденција за сите примени и опствени документи и записи и во истиот да се заведуваат сите примени и сопствени документи и записи, согласно Уредбата и Упатството.

Рок: од приемот на решението и постојано.

1.2. Да се обезбеди Интерна доставна книга и други помошни книги како што се книга за место, книга за препорачана пошта, попис на документи и истите да се водат согласно Уредбата и Упатството.

Рок: од приемот на решението и постојано.

1.3. Да се обезбедат приемен и роковен штембил и истите да се ставаат во функција, согласно Уредбата и Упатството.

Рок: 03.11.2014 година.

1.4. Да се обезбеди Уписник за постапување по поплаки и преставки и да се овласти службено лице за постапување по поплаки и преставки, согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденцуја на податоците што се однесуваат на постапувањето по преставките и предлозите како и содржината на извештаите („Сл. весник на РМ."бр.2/09 ).

2.За преземените мерки по ова решение, должни сте да го известите Управниот инспектор во Кочани во Државниот управен инспекторат, во рок од 15 дена од приемот на решението, согласно член 17 став 3 од Законот за управна инспекција.

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

3. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Образложение

Постапувајќи по Планот за работа за месец октомври 2014 година на Државниот управен инспекторат, управниот инспектор од Кочани на 07.10. 2014 година изврши редовен инспекциски надзор во КЈП„Водна кула" Зрновци.

За извршениот редовен инспекциски надзор е составен записник Ип1 бр.21-36 од 17.10.2014 година со наод на утврдената фактичка состојба и утврдени недостатоци во работењето, заради што согласно член 17 од Законот за управната инспекција се донесе решение како во диспозитивот.

Непостапувањето по ова решение преставува прекршок, согласно член 22 од Законот за управната инспекција.

Согласно член 18 став 2 од Законот за управната инспекција, жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба, преку Управниот инспектор во Кочани на Државниот управен инспекторат до Министерот на Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 8 дена од денот на доставувањето.

Решено во Државниот управен инспекторат во Кочани на ден 17.10.2014 година под Ип1 бр.21-36.

Управен инспектор
Спирко Стевановски

Доставено до:-КЈП.„Водна кула" Зрновци
-Државен управен инспекторат Скопје
-Архива

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Ип1.бр. 21-36
Кочани 17.10. 2014 година
Влада на Република Македонија
Државен управен инспекторат
Тодор Арсов бр.бб
2300 Кочани
Република Македонија
Тел. 071321987

## З А П И С Н И К

За извршен редовен инспекциски надзор во КЈП. „Водна кула" Зрновци на ден 07.10. 2014 година

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на член 2 и 3 од Законот за управната инспекција („ Сл.весник на РМ"бр.69/04, 22/07, 115/07 и 51/2011), во поглед на примената на одредбите на Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка , како и извршувањето на прописите за канцелариското работење, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење „Сл. весник на РМ"бр.1/2014 ) и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Сл. весник на РМ"бр. 99/14 ).

За времето, содржината и обемот на надзорот со писмо бр.21-36 од 01.10. 2014 година е известен директорот на КЈП. „Водна кула" Зрновци.

При вршењето на инспекцискиот надзор од страна на субјектот на надзорот присуствуваа: Васко Ѓопѓиев- директор на претпријатието.

## НАОД НА СОСТОЈБАТА

Од разговорот со директорот на Комуналното Јавно Претпријатие „Водна кула" Зрновци присутен при вршењето на инспекцискиот надзор, се утврди следната фактичка состојба :

Нема службено лице задолжено за извршување на прописите од канцеларискoто работење. Нема евидентни книги ниту помошни книги. Нема приемен и роковен штембил. Не се води Уписник за постапување по поплаки и преставки ниту има овластено лице за постапување по поплаки и преставки.

Отстранувањето на констатираните недостатоци утврдени при инспекцискиот надзор ќе се нареди со решение со рокови за нивно извршување, согласно член 17 од Законот за управната инспекција.

Со содржината на записникот да се запознае директорот на КЈП. „Водна кула" Зрновци.

НАДЗОРОТ ГО ИЗВРШИ
Управен инспектор
Спирко Стевановски

ДОСТАВЕНО ДО: - КЈП„ Водна кула" Зрновци
-Државниот управен инспекторат Скопје
-Архива